Врз основа на член 65 став (5) од Законот за образование на возрасните („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 3/25), министерот за образование и наука, донесе

**Правилник**
**за начинот на вршење на стручниот увид на реализација на програмите за формално образование на возрасните и стручен надзор на работата на понудувачите на услуги за образование на возрасните и на понудувачите на услуги за валидација**

**Член 1**

Со овој правилник се утврдува начинот на вршење на стручниот увид на реализација на програмите за формално образование на возрасните и на стручниот надзор на работата на понудувачите на услуги за образование на возрасните и на понудувачите на услуги за валидација.

**Член 2**

Целта на стручниот увид и на стручниот надзор е обезбедување квалитетна и ефикасна реализација на програмите за возрасните.

**Член 3**

Стручниот увид за основно образование на возрасните и гимназиско образование на возрасните го врши Бирото за развој на образованието (во натамошниот текст: БРО), а Центарот за развој на стручното образование (во натамошниот текст: ЦРСО) за стручно образование на возрасните.

**Член 4**

При стручниот увид на реализација на програмите за формално образование на возрасните се следи успешноста на реализација на наставата во осум подрачја:

1. планирање на наставата;
2. реализација на наставата според планирањето;
3. реализација на поучувањето;
4. прилагодување наставата на потребите/можностите на учениците;
5. обезбедување активно учество на учениците;
6. развивање критичкото мислење кај учениците;
7. следење на работата на учениците;
8. креирање стимулативна средина за учење.

Увидот се врши со инструменти за стручен увид за наведените подрачја од став 1 на овој член, изработени од БРО и ЦРСО.

**Член 5**

Стручниот увид од член 3 од овој правилник, се врши , во согласност со годишните планови за стручни увиди на БРО и на ЦРСО.

Стручниот увид го вршат советници од БРО, односно од ЦРСО со користење на инструменти за следење на успешноста на реализација на програмите за формално образование на возрасните.

**Член 6**

По завршување на стручниот увид, од страна на БРО односно ЦРСО се изготвува извештај кој се доставува до Центарот за образование на возрасните (во натамошниот текст: ЦОВ).

**Член 7**

Стручен надзор на реализацијата на неформалното образование на возрасните, односно над работата на понудувачите на услуги за образование на возрасните и на понудувачите на услуги за валидација (во натамошниот текст: понудувач на услуги) го врши ЦОВ.

**Член 8**

Целта на стручниот надзор е непосреден увид во работењето на понудувачот на услуги.

Стручниот надзор на работата на понудувачот на услуги може да биде редовен, вонреден и контролен.

**Член 9**

Редовен стручен надзор се врши по писмено решение за спроведување на надзорот, кој го донесува директорот на ЦОВ.

Редовниот надзор се врши во работно време и со претходно известување на понудувачот на услуги.

Редовниот надзор се врши во согласност со годишните планови за стручни надзори на ЦОВ.

**Член 10**

Од извршениот стручен надзор се составува записник кој содржи:

- вид на надзорот кој се врши;
- понудувач на услуги во која се врши надзорот;
- ден и час на вршење на надзорот;
- име и презиме на службеното лице од ЦОВ кој го врши надзорот;
- наоди од утврдената состојба;

- укажувања и препораки за надминување на евентуално утврдени повреди и недостатоци и
- потпис на службеното лице од ЦОВ.

**Член 11**

Ако надзорот се спроведува од повеќе службени лица, се составува еден записник, кој го потпишуваат сите службени лица од ЦОВ кои биле вклучени во спроведување на надзорот.

Примерок од записникот се доставува до директорот на ЦОВ, како и до понудувачот на услуги каде што е извршен надзорот.

**Член 12**

Вонреден надзор врз работата на понудувачот на услуги може да се врши по добиени сознанија за нестручно и несовесно работење на понудувачот на услуги преку претставки на физички и правни лица, како и по сопствена иницијатива или иницијатива на надлежни органи и други институции.

**Член 13**

Контролен надзор може да се врши во делот на работењето на понудувачот на услуги за кој од страна на директорот на ЦОВ е донесена наредба за отстранување на утврдените неправилности или за проверка на претходно дадени укажувања и препораки.

**Член 14**

Вонредниот и контролниот надзор се вршат без претходно известување на понудувачот на услуги и може да се вршат и надвор од работното време.

За извршениот вонреден и контролен надзор, службеното лице од ЦОВ составува записник согласно член 10 од овој правилник.

Доколку и покрај наведениот рок не се корегирани недостатоците и пропустите, ЦОВ доставува известување до Државниот просветен инспекторат за нивно понатамошно постапување.

**Член 15**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

**Бр.18-12735/1**
**01.10.2025 година**
**Скопје**

**Министер за образование и наука,**
**проф. д-р Весна Јаневска, с.р.**